Тајната на Тоскана

Анџела Печ

Quant'è bella giovinezza
che si fugge tuttavia!
Chi vuol esser lieto, sia:
del doman non c'è certezza.

Lorenzo de' Medici (1449–92)

Колку е прекрасна младоста
Која завршува премногу рано!
Зграпчи ја среќата додека можеш:
Нема сигурност во утрешнината.

Лоренцо де Медичи (1449–92)

Во спомен на Пол Френцис Сатор

ПРОЛОГ

Се слуша укање на був, а во далечината слушам волци кои завиваат од Планините на Месечината. Ги замислувам собрани заедно на ‘ртот, со муцките кренати во меланхолична песна, додека ѕвездите трепкаат на мастилавото небо зад нив. Знам дека, колку и да се обидувам да потонам во сон, сеќавањата ќе ме нападнат. Не можам да се ослободам од нив.

Имаше само еден учител во нашето селско училиште, па така сите триесет и три деца, собрани заедно од сите возрасти, се туткавме во единствената училница. Зиме нѐ грееше печката на дрва, а лете сите прозорци, вградени високо во ѕидовите за да не гледаме надвор, беа ширум отворени за да навлегува планинското ветре.

Јас сум син единец; отсекогаш сум копнеел за помлад брат, но стомакот на мајка ми никогаш повеќе не се зголеми. Затоа се спријателив со помладото момче со кое ја делев клупата и ја водев неговата рака за да ги пишува буквите на плочката, го штитев од насилниците во училишниот двор. Заедно го јадевме нашето едноставно *меренде* – ужинка од сушени круши или крајче од вчерашен леб.

Кога потпорасна, кога ќе завршевме со училиштето, кампувавме заедно во една пештера, каде што саламандерите се криеја на ладните ѕидови кои светкаа во ноќта. Станувавме рано за да ги гледаме птиците кои мигрираа врз *Ла виа ди Франческо*, газејќи внимателно за да не крцкаме врз златникавите лисја и костени. А сега кога сме

браќа по оружје, сето тоа ни донесе голема полза во сегашната опасност во која се наоѓаме. Во борбата против злото.

Години подоцна, додека сонот ми бега од очите, се присетувам како се качував во пештерата таа ноќ, внимавајќи да ги заобиколам војничките стражи. Поминав толку блиску до нив, што можев да го чујам нивното грлено шепотење. Сакав да го најдам седнат на камен, чекајќи да изгрее сонцето над раскошот од нашата виолетова планина. Дали беше лудо што се надевав на еден ден поминат во мир? На училиште читавме за Големата војна: како Германците и Британците склучиле примирје на Божик и играле фудбал, а рововите ги создавале замислените граници од теренот. Се молев тој да биде таму, со погледот вперен над маглата која ги проголтуваше нашите ридови и која ја криеше суровоста оздола. Дали беше премногу да се надевам?

Одејќи по патеката, застанав зад огромен камен, а од мирисот на скапано месо за малку ќе повратев. На неколку метри лежеше мртво тело, делумно затскриено во грмушките, со рацете споени и ставени под главата, како да спие. Го превртив, со страв во срцето, но иако лицето му беше половина разнесено, видов дека не е тој.

Додека се враќав назад кон нашето окупирано село, каде што едноставните куќи беа претворени во касарна, ги слушнав неговите вресоци. Звукот на неговата агонија никогаш нема да ми излезе од главата. Доаѓаше од селското училиште. Од прозорецот, високо на ѕидот, закован со штици, се излеваше светлина. Колку често како момче гледав во врвовите од двата кипариса кои се нишаа на ветрот, посакувајќи да бидам надвор на тревнатите падини. Се качив на кофа за да погледнам внатре, но ногата ми се лизна, а металната кофа затропа во ноќта и кучињата почнаа да лаат.

Стражарите кои се стрчаа за да ме фатат беа од моите луѓе, што беше уште илјадапати полошо. Мажи и момчиња со кои пораснав, расипани од заблудена политика, облечени во милициски униформи.

Ме одвлечкаа внатре, а јас клоцав, пцуев и плукав кон нивните предавнички лица.

Видов дека го измачувале. Беше врзан со жица за столче, премногу малечко за возрасен маж, со собрани колена, за да се види што му направиле на интимните делови. Се вдадов кон него, но веднаш ме зграпчија. За среќа падна во бесознание, а крвавото лице му омлитави надолу како во молитва.

Но најлошото предавство беше човекот кој гневно ме гледаше, кажувајќи ми дека сум следен. Не можев да поверувам во неговото предавство. Додека седев на масата, а тој замавнуваше со чеканот за да ми ги закова прстите, врескав од болка и гледав низ прозорецот, одвратувајќи го погледот од неговата црна кошула, испрскана со крв. Ги стегнав забите од болка, ги гледав кипарисите и не сакав да верувам дека никогаш повеќе нема да бидам слободен за да одам на лов со мојот млад пријател или да ја држам девојката што ја сакам во прегратка.

ГЛАВА ПРВА

Февруари 1999

Во едно безбојно февруарско попладне во Северен Лондон, Ана одмора на каучот, откако помина две мачни ноќи по ред. Ги слуша патниците кои брзаат дома од работа на улицата долу и речиси чувствува завист што не е дел од врволицата.

Ја обзема чувство дека животот е нестабилен. Ја изгуби работата, мајка ѝ неодамна почина. Велат дека работите се случуваат во тројка, па се прашува што да очекува следно.

Токму во мигот кога задремува, ѕвони ѕвончето од вратата. Воздивнува и промрморува: „Доаѓам, доаѓам." Се отплеткува од гнездото од креветот, станува и ја отвора влезната врата од нејзиниот стан на вториот кат.

„Пратка за вас, госпоѓице." Младиот доставувач ја гледа со смел поглед и ја одмерува од глава до петици со насмевка, а таа ја замотува наметката поцврсто околу себе. Го зема пакетчето, му ја треска вратата пред лицето и шлапа по подот со влечките додека се враќа во кујната и го вклучува чајникот.

Пакетчето е дебело. Го очекуваше да пристигне, но речиси заборави. На читањето на тестаментот на мајка ѝ минатата недела, адвокатот спомена дека, покрај педесет илјади фунти, ѝ оставила папка со разни документи. На Хари и Џејн, нејзините брат и сестра, им беше дадено сè останато. Додека Перегрин Смит од „Смит анд санс",

облечен во истуткан костум „Савил роу“, зборуваше со монотон глас, Ана ја гледаше заробената мува која се удираше од стаклото на прозорецот. Повремено ќе ги погледнеше брат ѝ и сестра ѝ, кои седеа спроти неа, мислејќи колку се здебелил Хари, колку остарено и средовечно изгледа Џејн, со беспрекорната фризура, испрскана со лак, цврста и крцкава. Никогаш не беше блиска со нив, тие беа доволно возрасни за да бидат родители кога се роди таа, неочекуваното дете кое пристигна кога мајка ѝ имаше речиси четириесет години и кое ја наруши семејната динамика.

Си прави чај ерл греј и го зема со себе до каучот, заедно со пакетчето. Во хартиената обвивка има картонска кутија, со капакот врзан со стара врвка од чевли. Ја одврзува врвката. На кафениот плик го пишува нејзиното име, напишано со китнестиот ракопис на мајка ѝ, а има и нотеси, купчиња документи завиткани во ролни и зацврстени со изронето ластиче и парче свиткана ткаенина.

Вади лист од нотесот од пликот, евтин и старомоден, со букет темјанушки испечатен во горниот лев агол. Мајка ѝ пишуваше на англиски, кој го зборуваше со силен нагласок, но добро пишуваше.

Вилоус енд,

16 август, 1997 година

Моја драга Ана,

Ако го читаш ова, значи веќе си била на мојот погреб. Можеби се пролеа понекоја солза, но се надевам дека беше среќен настан, со некои од моите омилени италијански песни отсвирени во црквата и „спагетата“ потоа, моето омилено традиционално јадење од шпагети со едноставен сос. Замислувам дека се споделувале приказни. Можеби семејството се присетувало на мојата избувлива природа и на моите ужасни грешки со англискиот јазик. Ако луѓето биле љубезни за мене или груби, така нека биде. Пациенца! како што велиме ние. Тешко ми беше да научам да бидам трпелива.

Сакам да ти кажам многу работи. Можеби ова е кукавички начин – да запишам сè на хартија, наместо да ти го кажам во лице. Тешко ми беше да проценам како е најдобро. Ако ја раскажев мојата приказна за тоа што го доживеав за време на војната, резултатите можеби ќе беа катаклизмични. Катаклизмико, дизастросо... Тоа се речиси исти зборови на италијански. Има многу сличности, но многу разлики меѓу Англичаните и Италијанците, како што открив кога првпат дојдов овде.

Кога докторите ми кажаа дека мојот рак не може да биде оперирам, одлучив да ги подредам документите и да ги соберам сите неуредни чкрабаници од спомени, начкрабани овде-онде, секогаш кога имав потреба да напишам нешто. Ајде тоа да го наречеме еден вид на дневник. На читањето на тестаментот, мојот адвокат сигурно спомена дека ќе ги добиеш. Можеби почувствува дека си изостава. Покрај парите, Хари го добива Вилоус енд – знам дека тој ќе се справи со старото место со провев, секогаш уживаше кога доаѓаше и ќе му одговара на неговиот нов статус како директор на компанија. Џејн го добива мојот накит. Многу сакаше да се кити со него кога беше малечко девојче. А ти ја добиваш кутијата со моите чкрабаници. Моите бисери од спомени, од мене за тебе. Се надевам дека кога ќе завршиш со читањето ќе разбереш дека немав намера да се почувствуваш изостава, мила моја. Можеби некои детали се заборавени низ годините. Не водев дневник секој ден, така што има некои празнини. Никогаш не бев во можност да зборувам отворено за мојот живот, но сега чувствувам должност да го направам тоа. А единствениот начин да се направи е преку овој дневник.

Читај го кога ќе имаш време. Прави со него како што ти е мило. Тоа е моето наследство за тебе.

Твојата сакана мајка.

Ана се потпира на перниците, заинтересирана, но истовремено и лута на мајка ѝ што е толку таинствена.

Нивната врска отсекогаш беше тешка. Мајка ѝ беше жестока, склона кон драми. Понекогаш беше стуткана во нејзината прегратка, но другпат беше далечна, воздржана: две страни на една паричка. Беше типично за неа да ги навестува „катаклизмичните“ настани.

Ана се сеќава на една пригода кога сигурно имаше околу шест години. Кога ја отвори вратата од дневната соба, каде што Инес, нејзината мајка, седеше на бирото и пишуваше, праша: „Кога ќе родиш уште едно бебе? Немам со кого да си играм..“ Инес го затвори дневникот со тресок и се сврти да го земе малото девојче во рацете. „Мама е премногу стара за тоа“, рече, бакнувајќи ја Ана на образите, „и каде ќе најдам повеќе љубов за давање? Целата ти ја давам тебе, мое малечко *тезоро.*“

Се сеќава на тоа многу живо, зашто таквите љубовни мигови со мајка ѝ беа многу ретки, особено кога Хари и Џејн беа таму.

Брат ѝ и сестра ѝ си тераа по свое. Беа многу постари од неа и несвесни за нивната бесчувствителност кога ја задеваа. „Ти беше несреќен случај, една голема грешка“, еднаш рече Џејн непромислено, а Ана го зеде тоа при срце. Порасна чувствувајќи се помалку сакано од нив и најчесто ништо повеќе од напаст, остануваше сама долги периоди додека тие беа излезени надвор на игранки или на кино со пријателите.

Чудно, но чувствуваше поблиска врска со мајка ѝ кога се наоѓаше во домот за стари лица „Клермонт“, каде што и умре. Кога Инес беше збунета, Ана знаеше како да ја смири.

„Мамо, раскажувај ми за твојот живот во Италија пред да се преселиш во Англија“, ќе ѝ речеше, делумно од љубопитност за делот од нејзиниот живот за кој многу малку знаеше, а делумно зашто дозна дека тоа ја смирува мајка ѝ.

Понекогаш Инес ќе ја послушаше, иако Ана не можеше да го следи нејзиното дрдорење. Другпат не сакаше да зборува, задоволна само да седи и да гледа низ прозорецот кон градините и морето.

На една од последните посети пред да умре Инес, беше уморна и преминуваше во дијалект кој Ана не можеше да го следи. Не ѝ пречеше кога мајка ѝ ќе замолчеше. Имаше доволно место и за двете во нејзината тишина и седеа држејќи се за раце, а Ана ѝ даваше простор на мајка ѝ да заталка низ своите мисли. Понекогаш некој звук или мирис ќе разбудеше некој спомен и таа ќе го раскажеше настанот како пред малку да се случил. Доволно беше некој мотоцикл да помине на улицата, за таа веднаш да се нурне во минатото.

„Останатите отидоа во градот денеска. Премногу е жешко за танцување, но Германците сега се во соседната долина. Ги чистат шлемовите...“

Ана ќе ѝ удоволеше и ќе се однесуваше со настаните како да се случуваа деновите. „Навистина, мамо? И што се случи потоа?“

Но понекогаш имаше чувство дека е натрапник кој слуша интимни моменти.

„Ако дознаат, ќе се најдам во голема неволја, но многу беше жешко. Блузата ми беше залепена за телото, косата ми се лелееше во водата како трева. Тој ме држеше цврсто...“

Ана не велеше ништо. Ќе ја сменеше темата или ќе ѝ ја донесеше кутијата со фотографии од наткасната покрај креветот, и заедно ќе гледаа семејни слики.

Во некои попладнија мајка ѝ седеше и лееше солзи по лицето, а Ана нежно ги бришеше. Инес се држеше за ќерка ѝ. „Тој се врати, Ана, се врати. Но јас никогаш нема да те оставам. Ти си добра девојка. Мој посебен дар.“

Беше тешко да разбере што се случува во збунетиот ум на мајка ѝ кога ги изговараше тие нејасни реченици, се присетува Ана додека ги врти страниците. Каква штета што мајка ѝ како да чувствуваше поголема љубов кон неа на крајот од животот, речиси како нејзините воздржани емоции да мораа да излезат надвор. Емоции кои на Ана добро ќе ѝ дојдеа во раното детство.

Пискливиот звук на мобилниот телефон ја тера да скокне од минатото во сегашноста.

„Ана! Извини што не ти се јавив минатата вечер – заглавив на работа. Но, зошто не ме почека?“

Немаше време да го смирува нејзиниот љубовник. Во моментот не можеше да му кажува на Вил како, повторно, се умори од тоа да го чека во ресторанот, мразејќи што келнерите ја гледаа со сожалителни погледи додека пиеше вино, обидувајќи да се пие една чаша додека не се појави тој.

„Дали може сега да дојдам?“ вели. „Во такси сум. Ќе дојдам, да речеме, за петнаесет минути?“

Погледнува во часовникот. Пет часот и триесет минути попладне. Пред неколку недели ќе речеше да, но веќе не се задоволува со кратки вечери со Вил или со средби договорени во последен миг, како да ја вметнува во својот распоред во последен миг.

Тој прозборува со потивок глас. Сигурно таксистот го слуша неговиот познат патник, чии впечатливи црти редовно се гледаат на вестите на Канал 4.

„Можам да останам цела ноќ, драга.“

„Не се чувствувам добро денеска, Вил. Имам страшна мигрена“, измислува. „Ќе ти се јавам наскоро.“

Нема енергија за дискусија и пред да има можност да ја разубеди, го завршува повикот и го исклучува телефонот и го фрла на креветот веднаш до дебелото купче хартии. Не знае дали навистина може да издржи да ги прочита мистериозните документи. Додека беше жива, мајка ѝ никогаш не сакаше да зборува многу за нејзиниот живот во Италија. Ѝ се чинеше дека е доцна сега да го прави тоа од задгробниот живот, со дневникот и таинствените белешки. Зар има некоја тајна за која Ана треба да знае?

Го вади најгорниот лист од купчето хартии. Мајка ѝ се расприкажала, а ракописот ѝ е размачкан и тежок за читање на некои места. На предниот дел има закачено уште една белешка напишана на англиски.

Ана, за време на војната, извесно време водев дневник. Не требаше да го најравам тоа. Ако беше откриен од погрешни луѓе, ќе имаше последици. Не сум го отворила со години и сега кога го читам, едвај можам да поверувам дека јас сум младата авторка. Се надевам дека ќе можеш да разбереш, зашто некои зборови на италијански се старовремски. Не смееш да заборавиш дека сето ова се случи пред половина век. Колку се сменија времињата!

Додека ги разгледува првите неколку реченици на италијански, напишани со неуредниот ракопис на мајка ѝ, Ана знае дека ќе се помачи. Мајка ѝ делумно ја научи на основите на италијанскиот јазик, но сите три деца беа израснати со англискиот како мајчин јазик. Почнува да чита, мачејќи се со секоја реченица, но наскоро ѝ станува јасно дека ќе мора да се снабди со добар речник. Има само мало џебно издание, а погодува само неколку збора.

Не може да размислува трезвено. Во главата ѝ се врти од задачата што ѝ ја довери мајка ѝ. Страници и страници исполнети со италијански зборови кои ќе мора да ги преведе, но со која цел?

Додека се покрива со топлото ќебе, помислува натажено колку ќе беше помалку загадочно ако мајка ѝ зборуваше повеќе со неа додека беше жива. Но, не зборуваше и сега ја нема, и зад себе остави огромна празнина каква што Ана не можеше да замисли дека ќе остави. Ѝ треба малку време за да заспие и, кога заспива, сонува дека мајка ѝ е сè уште покрај неа, затскриена од тенка лелеава завеса, изустувајќи зборови кои Ана не може да ги разбере.

ГЛАВА ВТОРА

Темно е кога Ана ја буди долгото свирење на автомобил на улицата. Погледнува кон часовникот со заматен поглед. Се вчудовидува кога сфаќа дека спиела речиси дваесет и четири часа.

Пакетчето што пристигна вчера паднало од креветот на подот. Од него се истуриле секакви документи, тетратки и пликови – некои од нив обележани со бројки со црвена боичка. Бројот еден е голем кафен плик. Бројот два е стара училишна работна тетратка. Наместо линии, страниците се поделени во мали квадратчиња, како графикони. Се сеќава дека мајка ѝ ѝ објаснуваше дека во Италија биле користени различни видови на книги за копирање во различните училишни години, и се смееше кога ѝ ги опишуваше комбинезоните и огромните панделки кои ги носеле во основно училиште – дури и момчињата. Инес ја научи на неколку едноставни зборови на италијански кога беше малечка, но никогаш не ја учеше кога татко ѝ беше тука. Полудуваше ако ја чуеше да зборува на друг јазик, освен на англиски.

„Ќе ги збуниш. Колкупати да ти кажам, жено?“ ќе ѝ се развикаше, а лицето му помодруваше.

Потоа ќе настанеше каранице. Секогаш имаше многу викање. Ана ќе се повлечеше до крајот на градината и ќе

се качеше на буката или ќе се скриеше под скалите, силно гушкајќи го кадифеното мече.

Седната скрснозе на креветот, продолжува со обидот да ги преведе зборовите на мајка ѝ.

Рофеле, 8 септември, 1944 година

Тој сè уште е во коњушницата. Мама направи уште една чинија тестенини со *цукини* кои ги ставивме во тегла минатата пролет и, кога се стемни, ми рече да ја ставам марамата и да земам со себе кофа со храна за кокошките, во случај некој да ме гледа и да праша што правам надвор во тоа време од ноќта. Знам дека е преплашена некој да не дознае дека криеме *Инглезе*, но рече дека мора, инаку тој ќе умре.

Сите сме преплашени. Минатата недела слушнавме дека ги застрелале Бенучиеви, зашто не сакале да си одат од куќата. Германците им дале опомена од еден ден. Кутрите стари души одбиле да си одат; и онака немале каде да одат, а старата сињора беше болна од ревматизам и не можеше далеку да стигне.

Многу се сурови, тие *Тедески*. Исплашени сме, но Каприоло вели дека нема да ни го скршат духот. Го користиме ова име за него зашто од *Резистенца* многупати ни рекоа да не го нарекуваме со вистинското име. Неговото семејство ќе биде стрелано ако го откријат неговиот идентитет. Се именува себеси по планинскиот елен, остроумен и брз кога искачува висини. Каприоло сега веднаш ми доаѓа на јазикот, но ќе ме одере ако дознае дека го пишувам ова. Ако не кажам некому ќе препукнам – затоа му кажувам на мојот дневник, кој го кријам зад лабавиот камен во нишата во мојата соба. Никој никогаш нема да го најде. И ако го најдат, ќе мислат дека е некоја моја стара тетратка.

На Ана ѝ е потребен повеќе од еден час да го преведе тој дел. И не е сигурна дали го сфаќа целосното значење или што да мисли. Колку и да се обидува, не може да ја замисли мајка ѝ како тоа младо селско девојче или